

# СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ
# SLAVČO SOKOLOVSKI

Интуитивност , спонтаност и оддалеченост од традицијата на кубизмот и геометриската апстакција , претставуваат носечки сегменти во оформувањето на визуелниот впечаток од творештвото на **СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ** , еден од носителите на пост - ексклузивистичките струења во Македонија . Неговата нова изразна форма е ослободена од секаков вид контрола ( геометриска , стилска и друга ) , а со тоа го истакнува продирањето на еден широк и сеопфатен ликовен систем - енформел - прифатен како еквивалент на американскиот апстрактен експресионизам , особено на сликарството на акција .

Целокупниот досегашен творечки опус на **Славчо Соколовски** се темели на една широка филозофска основа : „ духовна песна на просторот и прослава на материјата “ , ( Л.Трифуновиќ ) , како уверување дека пред формата и после неа постои вечност . Вечноста во овој случај е вткаена токму во просторот и материјата, во нивниот меѓусебен сооднос ( потиснување на просторот , доминација на материјата , ирационалност и конкретност ) и односот на авторовата подсвест истите да ги пренесе со говорот на внатрешна , суптилна колористичка продуховеност , со артикулација на знаковните елементи и нивното содејствување : светло - темно , топло - ладно, грубо - фино , материјално - мистично , вресок - тишина .

Спротивставувајки се на сликарскиот илузионизам Соколовски ја на минува формата и продира во нејзината суштина , во материјата . Со цел да ја наслика суштината - материјата во сликата внесува елементи од разни материи, сликајки ги со широки неколку слојни нанесувања на боја . Материјата (симбол на вечноста) ја разработува во единствен метафизички простор во кој нема илузионизам , пропорции , волумен , песпектива или други физички закони . За него ирационалниот простор претставува основна изворна сила во кој ги совладува : гестуалната импулсивност , контрастно поставените обоени полиња и знаковната заситеност .

Дисциплиниран до крајност со притаена емотивност до редукцијата и на формата и на бојата , Соколовски ја создава основата на неговото сликарство која ја доведува до конечни одблесоци на неговата душа . Покрај Мазев , Калчевски , Аврамовски или Анастасов (со кои генерациската припадност е далеку од споредувачката ) . Тој се оформи како своевиден индивидуалец на енформелот во Македонија во последната деценија , кој во своите следни остварувања го развива до рафинирани , прочистени идеи на концептуалните движења .

Љиљана Христова
20.07.1996 г.



Од циклусот „КРСТОВИ IV“ , 1993
комбинирана техника на панел , 40 x 38,5
From the Cycle "CROSSES IV" ,1993
mixed media on panel , 40 x 38,5

## СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ

Славчо Соколовски е роден во 1958 г. во Скопје . Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 г. во класата на проф. Петар Мазев. Член е на ДЛУМ од 1986 г. Живее и работи во Скопје .

Адреса : ул. Пушкинова бр. 9 , 1/4, 91 000 Скопје ; тел. 236 394

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

**1985**
Охрид , Дом на културата „ Григор Прличев “ ; Велес , Ликовен салон; Штип , Дом на културата „ Ацо Шопов “, Експресија во слика (со Б.Маневски и Ј.Шумковски)

## КАТАЛОГ НА ДЕЛА

1. „ КРСТОВИ II “-1993 , комбинирана техника на панел , 40 x 38.5
2. „ КРСТОВИ III “-1993 , комбинирана техника на панел , 40 x 38.5
3. „ КРСТОВИ IV “-1993 , комбинирана техника на панел , 40 x 38.5
4. „ КРСТОВИ VIII “-1993 , комбинирана техника на платно , 90 x 180
5. „ КРСТОВИ IX “-1994 , комбинирана техника на платно , 60 x 180
6. „ КРСТОВИ I “-1992 , комбинирана техника на штица , 57 x 38(x2)диптих
7. „ КРСТОВИ III “-1993, комбинирана техника на штица , 60 x 54.5(x2)диптих
8. „ КРСТОВИ IV “-1993 , комбинирана техника на штица , 60 x 38.5(x2)диптих
9. „ КРСТОВИ V “-1993 , комбинирана техника на штица , 60 x 38.5(x2)диптих
10. „ СЛИКИ СО ОЛОВНА РАМКА “-1990 , комбинирана техника на панел , 38 x 28(x2)диптих
11. „ СЛИКИ СО ОЛОВНА РАМКА I / 1 “-1990 , комбинирана техника на шпер, 70 x 70
12. „ СЛИКИ СО ОЛОВНА РАМКА I / 2 “-1990 , комбинирана техника на шпер , 70 x 70
13. „ СЛИКИ СО ОЛОВНА РАМКА I / 3 “-1990 , комбинирана техника на шпер , 70 x 70
14. „ СЛИКИ СО ОЛОВНА РАМКА III / 1 “-1993 , комбинирана техника на платно , 91 x 91
15. „ СЛИКИ СО ОЛОВНА РАМКА III / 3 “-1993 , комбинирана техника на платно , 91 x 91
16. „ СЛИКА БР. 1 “- 1993 , комбинирана техника на платно 70 x 50
17. „ СЛИКА БР. 5 “- 1993 , комбинирана техника на платно , 70 x 50
18. „ СЛИКА БР. 6 “- 1993 , комбинирана техника на платно , 70 x 50
19. „ ПРИСТАНИШНА БЕДА IX “-1993 / 94 , комбинирана техника на платно 210 x 170
20. „ ШАРЖЕР I “-инсталација 1995 , 47 x 388
21. „ ШАРЖЕР II “-инсталација 1995 , 56 x 168
22. „ БЕЗ НАСЛОВ “-инсталација 1995 , 150 x 150 (x2)

1986
Скопје , Изложбен салон Дом на ЈНА ( Дом на АРМ ) , Во пресрет на младоста (со Б . Маневски , С Шуловиќ и Ј. Шумковски )
1988
Скопје , Галерија Дом на младите „ 25-ти Мај “ ( Младински културен центар ) - слики од циклусот „ Едра на хоризонтот “
1994
Скопје , Музеј на современа уметност
1995
Прилеп , Центар за современа ликовна уметност , ликовна галерија

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1985
Белград , Галерија ФЛУ , изложба на студентите на ФЛУ Скопје ; Скопје , Дом на младите „ 25 - ти Мај “ ( Младински културен центар ) ; Кочани, Дом на културата „ Бели мугри “ ; Прилеп , Дом на Културата „ Марко Цепенков “ , Денови на младите творци на СРМ
1986
Скопје , Уметничка галерија ДЛУМ XLI
1987
Скопје , Изложбен салон Дом на ЈНА ( Дом на АРМ ) , Дипломирани студенти 86/87; Скопје , Музеј на современа уметност , 1 . Биенале на младите
1988
Скопје , Музеј на Македонија , Ликовен салон за млади
1989
Риека , Модерна галерија , 15 , Биенале на младите ; Сараево Олимписки центар щСкендеријащ , Југословенска документа ; Скопје , Изложбен салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ , Скопско лето й 89 ; Скопје , Музеј на современа уметност , 2 . Биенале на младите ; Скопје , Изложбен салон Дом на ЈНА ( Дом на АРМ ) , Изложба на млади сликари
1990
Суботица , Galerija ' Likovni susret " ; Сомбор , Галерија „ Likovna jesen “ ; щПримарност на пиктуралното , крај на деценијата - време на синтезата щ ; Херцег Нови , Галерија „ Јосип Бело Банковиќ “ , 23. Зимски салон ; Панчево, Савремена галерија за културу “ Olga Petrov “ ; Зрењанин Савремена галерија, Новите движења во Македонската ликовна уметност ; Скопје , Галерија „Глам “ 68 македонски автори - изложба мал формат
1991
Вашингтон , Нов литературен уметнички салон „ Пастареа “ , Изложба на група македонски ликовни уметници - цртеж ; Скопје, Музеј на современта уметност 3. Биенале на младите ; Скопје , Галерија „ Харфа “ , Сликарство и традиција
1992
Скопје , Уметничка галерија , 1 Зимски салон ; Куманово Уметничка галерија , Современи македонски сликари и скулптори од ( колекцијата на МСУ ) ; Скопје , Културно - информативен центар , IX Сликарство мал формат ; Скопје , Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“ , ДЛУМ цртеж 92
1993
Скопје , Музеј на современа уметност , 4 . Биенале на млади ; Скопје , Уметничка галерија 1893 ВМРО 1993 ; Скопје , Салон на НУБ „ Климент Охридски “, ДЛУМ

цртеж 93 ; Скопје , Културно информативен центар , Сликарство мал формат ; Битола , Уметничка галерија , Галичка колонија

**1994**

Nürnberg , 7 Künstler aus Skopje - Mazedonien , Kunsthaus , Kunstbunker ; Dresden , Sieben Künstler aus Skopje , Makedonien Ausstellung im Kulturrathaus Dresden ; Скопје , Музеј на современата уметност,антологија на македонската ликовна уметност 1894 -1994; Paris , 12 peintres contemporains Macedoniens à Paris Spadem , Parvi

**1995**

Скопје , Чифте амам ( стара чаршија ) , инсталација „ Чин " ; Скопје , галерија Стоби , СИАБ ( студентско интернационално арт биенале ) ; 12 peintres contemporains Macedoniens à Paris , Section Macedonienne deliaica , Spadem - Parvi - Paris , France ; Скопје , Прво небо , Алтернативен простор ( дела од циклусот „ Софри " и „Полусофри“) ; Скопје, Музеј на современата уметност - 91/29 Нова македонска уметност ; Скопје , Уметничка галерија „ Даут пашин амам " , 12 Македонски сликари во Париз ; Берлин , Медиен галерие Берлин , 5 Künstler aus Makedonien ; Прилеп , Ликовна галерија „Марко Цепенков“ ; Скопје , Културно информативен центар ; Скопје , Студио Б и неговите автори ; Скопје , Студио Б и Музеј на град Скопје ; Скопје , 21 изложба ДЛУМ , цртеж ; Скопје , Салон на библиотеката , НУБ „ Св. Климент Охридски " ; Штип , Музеј и Звод ; Куманово , Уметничка галерија ; Скопје , Културно информативен центар , 12 Сликарство мал формат

**1996**

Скопје , 5 Зимски салон , ДЛУМ ;Скопје,Уметничка галерија „Даут пашин амам“; Скопје , Чифте амам 2 ( стара чаршија ) , инсталација „ Перде " ; Roma - Italia, Gli aspetti delliarte Macedone edicia a Palazzo Ruspoli - Fondazione Memmo ; Крива паланка ,IX Интернационална ликовна колонија Св . Јоаким Осоговски ; Крива паланка , Дом на културата ; Скопје , Уметничка галерија „Даут пашин амам“

## НАГРАДИ

**1985**

Скопје , Награда за сликарство на изложбата во рамките на Деновите на младите творци на СРМ

**1989**

Скопје , Откупна награда на Музејот на современата уметност , 2 . Биенале на младите

**1992**

Скопје , Откупна награда на Музејот на современата уметност , ДЛУМ - цртеж

**1993**

Скопје , Откупна награда на уметничката галерија , ДЛУМ - цртеж

**1995**

Скопје , Откупна награда на универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ ; Скопје , Награда на изложбената 21 изложба , ДЛУБ - цртеж

**1996**

Горњи Милановац (СРЈ) , Награда за посебен медиум на Интернационалната изложба-Уметноста на мал формат

## SLAVČO SOKOLOVSKI

Born 1958 in Skopje , Graduated fro the Academy of Fine Arts in Skopje (1986) in the class of profesor Petar Mazev . Lives and works in Skoje .
Addres : Puškinova 9 ,1/4, 91 000 Skoje , tel . 236 394

One - man exhibitions in Ohrid , Veles , [tip (1985) and Skopje (1986 , 1988 , 1994). Participated in several group exhibitions in Macedonia and abroad : Skopje , Washington , Sarajevo , Rijeka, Pančevo , Nürnberg , Dresden , Paris etc .

Awards from the museum Contemporary Art in Skopje at the Youth Biennal (1989) , at the exhibition of DLUM (Society of Macedonian Artists) - drawing (1992) and from Art Galery at the exhibition of DLUM - drawing (1993) .

Организатор :

Центар за култура и информации

ЗМГ - Битола

Место на одржување :

Уметничка галерија - Битола

20 . 07 . 1996 г.